( Образец ПП……)

До: **Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Информација за жалба изјавена против Решение ИП1бр.09/2-718 од 26.09.2024 година на Државен просветен инспекторат доставена до Државна комисија и заведена под број 1201-91 на 20.12.2024

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во** 16.05, ______**202_ година .**

**Потпис**

______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Република Северна Македонија
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор втор степен**

22.05 2025

**Архивски број:** 1005-903/2

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за пристап од информации од јавен карактер поднесено од страна на [redacted] и заведено под број 1005-903/1 **СЕ УВАЖУВА**.
2. Бараната информација со која располага Државната комисија ќе биде доставена на начин како што е наведено во самото барање.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 16.05.2025 година од страна на [redacted] по електронски пат до Државната комисија за одлучувњае во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор доставено е Барање за пристап до информаии од јавен карактер и заведено под број 1005-903/1.

Во Барањето е наведено дека подносителот од Државната комисија ја бара следнава информација:

- Информација за жалба изјавена против Решение ИП1 бр.09/2-718 од 26.09.2024 година на Државен просветен инспекторат доставена до Државната комисија и заведена под број 1201-91 на ден 20.12.2024 година.

Начинот на кој барателот сака да се запознае со бараната содржина е електронски запис, а начинот на доставување на информацијата е е-маил.

Постапувајќи по поднесеното Барање, Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен ја дава следнава информација:


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk

Согласно Законот за пристап до информации од јавен карактер, информација од јавен карактер е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности.

Постапувајќи по поднесеното Барање, Државната комисија на седница одржана на ден 05.05.2025 година донесе Решение ИП2 број 1201-91 со кое постапи по жалбата поднесена од страна на [redacted], [redacted] Донесеното Решение во доволен број примероци со допис број 1201-91 од 07.05.2025 година е проследено до надлежен првостепен орган.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Изготвил: Наталија С.Филипова

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**

22.05 2025 година

Архивски број: 1005-903/3

До: г-ѓа [redacted]

Предмет: Известување

Почитувана,

Во врска со Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено по електронски пат до Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор, во прилог Ви доставуваме примерок од Решението на Државната комисија.

Со почит,

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ИЛЧЕ МУШАРЕВСКИ**

Прилог: Решение број 1005-903/2

Изготвил:Наталија С.Филипова


Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен
Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје
Република Северна Македонија
070/407-476,
072/265-535
www.dkz.mk